ДО

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# БАРАЊЕ
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

**од:**

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Адреса | |
| Контакт - телефон | |

Ве молам да ми доделите еднократна парична помош за подолу заокруженото.

Кон барањето приложувам (да се заокружи):

**А). За физички лица за кои е потребна медицинска интервенција во странство:**

1. Доказ за идентитет на барателот/примателот на паричната помош (копија од извод на родени, лична карта или патна исправа);
2. Потврда (доказ) за закажана медицинска интервенција во странство и конзилијарно мислење, или отпусно писмо за веќе извршена медицинска интервенција во странство, не постаро од три месеци;
3. Копија од трансакциска сметка на барателот/примателот.

(Висината на паричната помош за потребна медицинска интервенција во странство, согласно приложената документација, во рамки на финансиските можности на Општината, ја утврдува Комисијата за доделување на еднократна парична помош формирана од градоначалникот на Општина Ѓорче Петров во износ од 7.000 до 10.000 денари.)

**Б). За физички лица со малигни заболувања кои се во фаза на лекување:**

1. Доказ за идентитет на барателот/примателот на паричната помош (копија од извод на родени, лична карта или патна исправа);
2. Специјалистички извештај и доказ за болеста/терапијата на примателот издадена од овластена здравствена установа не постар од шест месеци;
3. Копија од трансакциска сметка на барателот/примателот.

(Висината на паричната помош на лицата со малигни заболувања кои се во фаза на лекување, согласно приложената документација, во рамки на финансиските можности на Општината, ја утврдува Комисијата за доделување на еднократна парична помош формирана од градоначалникот на Општина Ѓорче Петров во износ од 5.000 до 10.000 денари.)

**В). За самохрани родители со висок степен на социјален ризик, согласно Законот за социјална заштита:**

1. Доказ за идентитет на барателот/примателот на паричната помош (лична карта или патна исправа);
2. Копија од извод од матичната книга на родени за децата;
3. Доказ дека другиот родител е непознат, починат, исчезнат или веродостоен документ од суд/центар за социјални работи дека другиот родител од оправдани причини привремено или трајно не ги извршува родителските права и должности;
4. Потврда за месечни примања на барателот што не го надминуваат износот од утврдената минимална плата во Република С. Македонија;
5. Копија од трансакциска сметка на барателот/примателот.

(Висината на паричната помош на самохрани родители со висок степен на социјален ризик, согласно Законот за социјална заштита и приложената документација, во рамки на финансиските можности на Општината, ја утврдува Комисијата за доделување на еднократна парична помош формирана од градоначалникот на Општина Ѓорче Петров во износ од 3.000 до 9.000 денари.)

**Г). За поединци или семејства за настаната материјална штета од пожар или поплава во нивното живеалиште, но не како резултат на елементарна непогода:**

1. Доказ за идентитет на барателот/примателот (лична карта или патна исправа);
2. Податоци за местото (живеалиштето) каде што е настаната материјалната штета, според личната карта на барателот;
3. Потврди за утврдена состојба со увид на лице место, издадени од овластени институции како што се противпожарната служба или полицијата и др.;
4. Копија од трансакциска сметка на барателот/примателот.

(Висината на паричната помош на поединци или семејства за настаната материјална штета од пожар или поплава во нивното живеалиште и приложената документација, во рамки на финансиските можности на Општината, ја утврдува Комисијата за доделување на еднократна парична помош формирана од градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

**Д). Физички лица корисници на минимална социјална помош:**

1. Доказ за идентитет на барателот/примателот (лична карта или патна исправа);
2. Доказ дека барателот/примателот е корисник на минимална социјална помош;
3. Копија од трансакциска сметка на барателот/примателот.

(Висината на паричната помош на корисници на минимална социјална помош, согласно приложената документација, во рамки на финансиските можности на Општината, ја утврдува Комисијата за доделување на еднократна парична помош формирана од градоначалникот на Општина Ѓорче Петров во износ од 3.000 до 5.000 денари.)

ОПИС НА БАРАЊЕТО:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

НАПОМЕНА: Јас, долупотпишаниот во својство на барател, согласен сум наведените и приложените лични податоци да бидат обработени исклучиво за потребите на водењето и реализирањето на постапката за доделување на парична помош.

Датум: __________ год.

Потпис на барателот:

________________________